Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број.5/02 и Службен весник на РСМ 202/24) и член 33, став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15,209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19,53/21,77/21,150/21,173/22,170/24 и 37/25), Советот на општина Чешиново-Облешево на 49-та седница, одржана на 14.03.2025 година, донесе :

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 05-720/1
25.03 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2024 година изнесуваат:

	План 2024	Остварено 31.12.2024
ВКУПЕН БУЏЕТ 2024	износ	износ
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**128.896.107**	**122.353.807**
Даночни приходи	12.727.000	13.637.079
Неданочни приходи	5.482.327	3.661.237
Капитални приходи	6.655.829	3.166.853
Дотации	76.883.330	76.747.698
Трансфери	26.993.621	25.019.940
Донации	154.000	121.000
ВКУПНИ РАСХОДИ	**129.966.217**	**118.980.908**
утврдени намени	129.216.217	118.875.428
Резерви	750.000	105.480
Дефицит	**-1.070.110**	**3.372.899**
Финансирање	**1.070.110**	**-3.372.899**
ПРИЛИВ	**3.711.110**	**-732.103**
Домашни приливи	0	0
Депозити	3.711.110	-732.103
Приливи од странски заеми	0	0
ОДЛИВ	**2.641.000**	**2.640.796**
Отплата на главница	2.641.000	2.640.796

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Чешиново - Облешево на 31.12.2024 година претставува збир од суфицитот од тековната 2024 година и пренесениот вишок на приходи од претходната 2024 година и изнесува:

- Салдо на 31-12-2024	**4.948.070,00 денари**
Салдо основен буџет	1.735.163,00 денари
Салдо буџет дотации	2.452.946,00 денари
Салдо буџет самофинасирачки активности	436.905,00 денари
Салдо буџет донации	323.056,00 денари

Салдото на основниот буџет во износ од 1.735.163 денари се пренесува како прилив на основниот буџет во Општина Чешиново Облешево за 2025 година..

Салдото на буџетот на дотациите во износ од 2.452.946 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации во Општина Чешиново Облешево за 2025 година.

Салдото на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 436.905 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирачки активности во Општина Чешиново Облешево за 2025 година.

Салдото буџет донации во износ од 323.056 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации во Општина Чешиново Облешево за 2025 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи:

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Чешиново - Облешево за 2024 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Чешиново - Облешево за 2024 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Чешиново - Облешево ".

Број

14.03.2025 година

Облешево

СОВЕТ НА ОПШТИНА
ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Орце Митров